**Совет на Европа**

# Извештај до Владата на Република Македонија за посетата на Република Македонија извршена од Европскиот комитет за превенција на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ)

## од 14 до 18 октомври 2007

Владата на Република Македонија побара објавување на овој извештај и на својот одговор кон него. Одговорот на Владата е претставен во документот CPT/Inf (2008) 23.

Стразбур, 10 септември 2008

(Напомена: Преводот од Англискиот оригинал на Извештајот е направен од страна на домашните власти)

## <u>СОДРЖИНА</u>


**Копија од писмото кон кое се приложува КПТ извештајот.................. 3**

**I. ВОВЕД........................................................................................ 5**

**A. Дата на посетата и состав на делегацијата....................................5**

**Б. Контекст на посетата.....................................................................5**

**C. Посетени установи ......................................................................7**

**D. Соработка ...................................................................................7**

**II. ФАКТИ УТВРДЕНИ ЗА ВРЕМЕ НА ПОСЕТАТА И ПРЕДЛОЖЕНИ МЕРКИ...........................................................................................10**

**A. Органи задолжени за примена на Законот ...............................10**

1. Претходни забелешки ................................................................ 10
2. Лошо лостапување..................................................................... 10
3. Заштита од лошо постапување ................................................... 12
4. Материјални услови .................................................................... 13

**Б. Затворски институции ................................................................ 14**

1. Претходни забелешки ................................................................ 14
2. Злоставување ............................................................................. 16
3. Прашања поврзани со персоналот............................................... 20
4. Услови за притворање ................................................................ 21
5. Здравствено заштитни услуги ..................................................... 24
6. Други прашања поврзани со мандатот на КПТ…………………… 28

**Ц. Заклучни забелешки.................................................................... 31**

**ДОДАТОЦИ**
**СПИСОК НА ПРЕПОРАКИ НА КПТ, КОМЕНТАРИ И БАРАЊА ИНФОРМАЦИИ ……………………………………………………….......34**

## Копија од писмото со кое се доставува извештајот КПТ

Стразбур, 21 ноември 2007 г.

Почитуван Амбасадор,

Согласно член 10, параграф 1 од Европската Конвенција за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување, во прилог Ви го доставувам извештајот до Владата на Република Македонија изготвен од Европскиот Комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување (КПТ), по неговата посета на Република Македонија во периодот од 14 до 18 октомври 2007 г. Извештајот беше усвоен од страна на КПТ на неговата 64-та седница, одржана од 5 до 9 ноември 2007 г.

Разновидните препораки, коментари и барања за информации формулирани од КПТ се наведени во Додатокот кон овој извештај . Особено, во однос на препораките на КПТ, земајќи го во предвид член 10 од Конвенцијата, Комитетот го бара следното од Владата на Република Македонија:

i) Најдоцна за еден месец да се достави потврда дека во затворите повеќе нема да се користат синџири како средства за контрола (параграф 29) , и дека условите за затоплување во секој блок на Затворот Идризово се подобрени (параграф 38);

ii) Најдоцна за три месеци да се достави одговор кој детално ќе ја објасни активностите преземени за спроведување на сите препораки содржани во извештајот .

КПТ исто така верува дека Вашите надлежни органи на власт ќе можат да доставaт, во рамки на горенаведениот одговор, реакции на коментарите наведени во овој извештај кои се резимирани во Додатокот , како и одговори на барањата за информации .

КПТ би сакал да замоли, доколку одговорите се проследени на македонски јазик, кон истите да има и превод на англиски или француски јазик . Од многу голема помош би било ако копија од одговорите се обезбеди во компјутерски читлива форма .

./.

Како што е нагласено во заклучните забелешки од овој извештај, КПТ верува дека Владата на Република Македонија ќе преземе решителни чекори за спроведување на препораките изнесени од страна на Комитетот во извештајот . Во врска со усвојувањето на приложениот извештај, Комитетот размислуваше дали да ја покрене постапката предвидена во член 10, параграф 2 од Конвенцијата*. Посебно
Ќе Ве известам за резултатот од тоа размислување .

Со почит,

Мауро Палма
Претседател на Европскиот Комитет за спречување на тортура и нешовечко или понижувачко однесување или казнување

* Член 10, пар.2 предвидува: “ Ако договорната страна не соработува или одбие да ја подобри состојбата според препораките од Комитетот, Комитетот може да одлучи, откако договорната страна имала можност да ги изнесе своите гледишта, со мнозинство од 2/3 од нејзините членови, да поднесе јавно соопштение за прашањето”.

До
Елеонора Петрова – Митевска
Вонреден и ополномоштен амбасадор
Постојан претставник на Република Македонија во Советот на Европа
13, rue Andre Jung
F – 67000 Strasbourg

# I. ВОВЕД

## А. Дата на посетата и состав на делегацијата

**1.** Во согласност со член 7 од Европската Конвенција за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување (во понатамошниот текст "конвенција"), делегација од КПТ изврши посета на Република Македонија од 14 до 18 октомври 2007 г.[1] Посетата беше една од оние за кои КПТ сметаше дека " е потребна во околностите" (цф. член 7, параграф 1, од Конвенцијата).

**2.** Посетата беше реализирана од следните членови на КПТ :

- Мауро ПАЛМА (Шеф на делегацијата и претседател на КПТ);
- Ана ГАВРИЛОВА АНЧЕВА .

Тие имаа поддршка од Хју ЧЕТВИНД од Секретаријатот на КПТ и помош од Дан ДЕРМЕНЏИУ, Шеф на катедрата за судска медицина, "Карол Давила", при Медицински факултет, Букурешт, Романија (експерт), и следните преведувачи :

- Фатос КИЦА
- Петрит САРАЧИНИ
- Јасна ШОПТРАЈАНОВА ВРТЕВА

## Б. Контекст на посетата

**3.** Во извештајот[2] за периодичната посета на Република Македонија во мај 2006 г. кој беше доставен до државните органи во ноември 2006 г., КПТ изрази сериозна загриженост заради тоа што Комитетот беше принуден повеќе пати да ги повторува бројни свои препораки, од кои некои постојат многу долго време. Исто така, КПТ истакна дека одредени фундаментални структурни проблеми ги поткопуваат обидите да се обезбедат соодветни услови за притвор и постапување со лица лишени од слобода . На пример, во однос на затворите, се посочи недостигот од политики (принципи) за тоа како да се управува со комплексни институции, несоодветен систем на известување и надзор, како и слабиот менаџмент и работење на персоналот. Во овој контекст, КПТ истакна дека внимателно ќе ги разгледува активностите преземени во однос на борбата против неказнивоста, условите на притворање во затвори и однесувањето и грижата за особено ранливите лица.

Во погоре – наведениот извештај, КПТ исто така истакна дека доколку државните органи и натаму не ја подобруваат ситуацијата во

[1] Ова беше 7 посета на ПЈРМ..Три од претходните посети беа од периодична природа(17до21мај,18до27 ноем2002 и 15до26мај006)а три ad hoc посети(21до26окт2001,15-19јули2002 и 12-9 јули2004)

[2] Види CPT/Inf..(2006) 73,par..7

светлина на наведените забелешки, може да нема друг избор освен применување на постапката предвидена во член 10, параграф 2, од Конвенцијата[3].

**4.** Затоа е жално што одговорот подготвен од Владата на Република Македонија во однос на извештајот за посетата во 2006 г. не обрна внимание на многуте загрижености истакнати од страна на Комитетот .

Ова е посебно случај што се однесува до одговорот на оние делови од извештајот кои се однесуваат на прашања поврзани со затворот. Со цел да спроведе конструктивен дијалог, Претседателот на КПТ упати писмо до властите на 7 мај 2007 г., истакнувајќи некои од главните недостатоци во привремениот одговор и побара финалниот одговор да ги опфати целосно потешкотиите забележани од Комитетот. Меѓутоа, одговорот кој пристигна на 15 јуни 2007 не обезбеди опсежен и суштински одговор на извештајот на КПТ.

Пред да се донесе било каква формална одлука во однос на член 10, параграф 2, КПТ сметаше дека е најдобро да се изврши уште една посета на Република Македонија со надеж за промовирање на значаен дијалог со државните органи. Главна цел на посетата беше да се утврдат преземените чекори од страна на органите за спроведување на препораките донесени од КПТ по периодичната посета во мај 2006 г. и да се одржат разговори на високо ниво со државните органи во поглед на започнување на нивна соработка со Комитетот, во рамките на значењето на член 3 од Конвенцијата.

На крајот, делегацијата се фокусираше на третманот и условите на притворање на осудениците, како и затворениците во истражниот затвор . Во овој контекст, беа оценети новините во однос на услугите од здравствена заштита и беше испитана употребата на средствата за совладување во затворот. Посебно внимание беше, исто така, посветено на прашањето на заштитните механизми против злоставување на лица притворени од страна на овластени службени лица. На крајот од посетата, делегацијата имаше опсежни разговори со државните органи, дискутирајќи за одговорот на извештајот од периодичната посета во 2006 г., и побара да се достави повратна информација за наодите од посетата во 2007 г.

---

[3] Член 10,,,,, пар..2предвидува како што следи : “ Ако договорната страна не соработува или одбие да ја подобри состојбата според препораките од Комитетот,,,,, Комитетот може да одлучи,,,,, откако договорната страна имала можност да ги изнесе нејзините гледишта,,,,, со мнозинство од 2/3 од нејзините членови поднесува јавно соопштение за прашањето“..

## В. Посетени установи

**5.** Делегацијата ги посети следните места на притвор :

Установи под надлежност на Министерството за внатрешни работи

- Полициска станица Бит Пазар, Скопје
- Полициска станица Гази Баба, Скопје
- Полициска станица Тетово

Установи под надлежност на Министерството за правда

- Затвор Идризово
- Затвор Скопје (истражно одделение)
- Затвор Тетово (истражно одделение)

## Д. Соработка

**6.** Во текот на посетата, на делегацијата и' беше овозможен пристап во установите за притвор кои таа сакаше да ги посети и на лицата кои сакаше да ги интервјуира, и беа веднаш добиени информации потребни за извршување на нејзината задача .

На крајот од посетата, делегацијата на КПТ имаше консултации со Гордана ЈАНКУЛОВСКА, Министерка за внатрешни работи, Михајло МАНЕВСКИ, Министер за правда, и Зоран ПЕТРОВ, заменик Министер за надворешни работи, како и со Јордан МИХАЈЛОВСКИ, Директор на Управата за извршување на санкции, и други службеници од повисок ранг од релевантните Министерства. Делегацијата исто така се сретна со Љубомир ЈОВЕВСКИ, заменик државен обвинител .

**7.** Исто така, делегацијата на КПТ имаше можност да се сретне со државниот советник од Министерството за труд и социјална политика со цел да добие информации во поглед на смрта на Имран Ибраимовски во специјалната установа за лица со ментална попреченост[4] во Демир Капија. Во извештајот од официјалната аутопсија за неговата смрт јасно се наведува дека бронхопневмонијата од која тој починал била директна последица на скршено ребро и помодрени бели дробови, нанесени со тапо-тврда сила[5]. Исто така, колку што му е познато на КПТ, никогаш не

[4] Види КПТ (2006)) 73,,,,, пар.. 159

[5] Ибид.. Органите на власт во почетокот одбиваа дека постоеле било какви елементи на насилство во смрта и покрај јасниот јазик на извештајот од аутопсијата........Меѓутоа,,,,, во нивниот краен одговор  од 15 јуни 2007 на извештајот на

била преземена соодветна истрага од страна на обвинителството или било каква внатрешна истрага од раководството на Институцијата. Понатаму, во поглед на седумте смртни случаи кои се случија во јануари и февруари 2007 г. во Демир Капија, КПТ се интересираше, со писмо од 7 мај 2007 г. дали е извршена аутопсија од форензичар за било кој од овие случаи . Во овој смисол, беше побарано органите на власт да одговорат на загриженоста на Комитетот во врска со судско-медицинските аутопсии[6] . За жал, соговорникот на КПТ не беше во можност да обезбеди никаква информација за овие прашања. **КПТ бара да добие одговор во поглед на прашањата погоре наведенит**

**8.** Делегацијата уште еднаш се сретна со службени лица - вклучувајќи некои од повисок ранг - кои не беа запознаени со претходните извештаи на КПТ, и покрај фактот што извештаите се фокусираа на сериозни проблеми кои спаѓаат во нивната надлежност . На пример, повисокото раководство на Затворите Идризово и Скопје, вклучувајќи ги директорите, не беа запознаени со наодите од посетата во 2006 г. Се покажа дека тие добиле извадоци од извештајот за затворските одделенија од посетата во 2006 г., по факс, дури во понеделник, 15 октомври 2007 г. Исто така, дури и во оваа мошне доцна фаза, неколку делови кои се занимаваат со важни прашања, како што е персоналот, условите на притворање и целокупната **процена за затворскиот систем се' уште не беа пренесени . Во овој поглед, КПТ препорачува дека со содржината на извештајот составен по посетата да се запознаат сите релевантни раководители и персонал, во соодветна форма. Исто така, преводите на извештаите на КПТ на релевантните јазици треба да бидат дадени на располагање пошироко, и би било пожелно да се користат во обука на повисокото раководство кое работи со лица лишени од слобода.**

**9.** КПТ многупати истакна, дека принципот на соработка наведен во Конвенцијата исто така бара преземање на решителни мерки за подобрување на ситуацијата во светлина на препораките на Комитетот. Исто така, само по себе се подразбира, дека КПТ очекува информациите кои ќе бидат доставени во одговорот од на Државата, да бидат точни. Меѓутоа, во текот на посетата во 2007 г. , делегацијата на КПТ дојде до сознанија дека одредени доставени информации како одговор на нејзиниот извештај за посетата во 2006 г., како и за време на посетата во 2007 г., беа неточни.

На пример, на крајот од посетата во 2006 г., КПТ непосредно пренесе свое согледување, со барање органите на власт да потврдат дека секој затвореник во истражен затвор има право на најмалку еден час активност на отворен простор, секој ден[7]. Со писмото од 29 јуни 2006

---

КПТ од посетата во 2006 г..,,,,, Комитетот беше информиран дека Министерството за труд и социјална политика треба да се консултира со Јавното Обвинителство за да се" иницира обновена истражна постапка "

[6] ВидиЦПТ(2006) 73,,,,, пар..37

[7] ВидиКПТ(2006)73,пар..8и70

г., КПТ беше известен од Директорот на Управата за извршување на санкции за издадените упатства, според кои “на секој затвореник треба да му се даде можност да биде ангажиран во спортски активности најмалку 1 до 2 часа дневно“. Меѓутоа, делегацијата на КПТ дојде до сознанија дека на затворениците во истражното одделение од Затворот Скопје, обично им се дозволувале само 15 до 20 минути дневно активност на отворено, додека пак притворениците во истражниот оддел во Затворот Тетово имале право на 20 минути активности на отворено, во просек четири пати неделно, а никогаш за викендите .

Друга веднаш пренесена забелешка од страна на КПТ се однесуваше на барањето за издавање на основни упатства до сите затвори за да се обезбеди соодветна заштита за лица за кои постои ризик од самоповредување или самоубиство. Со истото писмо од 29 јуни 2006 г., КПТ беше известен дека “ употребата на средства за контрола не треба во никој случај да се користат .... во подолги периоди; треба да се состави извештај и треба да се водат посебна евиденција и согласно член 188 (2) од Законот за извршување на санкции, секоја употреба на средства за контрола треба да се пријави во писмена форма до Одделот за извршување на санкции”. Меѓутоа, делегацијата не најде никакви извештаи или посебна евиденција за употребата на средства за контрола, во текот на посетата во 2007 г., ниту пак имаше било какви упатства за употреба на средства за совладување (контрола), како што е пропишано со параграф 3 од член 186 од Законот .

Ова се само два од многуте примери за информации доставени до Комитетот, а кои се докажаа неверодостојни .

**10.** Како што делегацијата им посочи на многуте соговорници за време на посетата, претставува императив на Комитетот да му биде пружена целосни и точни информации во врска со разновидните прашања покренати во неговите извештаи. Одговорите на извештаите на КПТ претставуваат основа за дијалог со цел да се идентификуваат и отстранат сите недостатоците во исполнувањето, од страна на Државата, на нејзините обврски со цел да се спречи можноста за тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Доколку доставените информации до Комитетот не може да се сметаат за веродостојни, тогаш тоа е јасна не соработка .

Сепак, одговорот од Владата на Република Македонија на извештајот од посетата во 2006 г., посебно што се однесува до делот за затворите, не се осврна на голем дел од прашањата поставени од страна на Комитетот. Последователно, и до денес недостасуваат неопходните елементи потребни за водење конструктивен дијалог.

## II. УТВРДЕНИ ФАКТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПОСЕТАТА И ПРЕДЛОЖЕНИ ПОСТАПКИ

### А. Органи одговорни за спроведување на Законот

**1.** Претходни забелешки

**11.** Делегацијата на КПТ изврши последователни посети на Полициската станица во Тетово, и на полициските станици во Скопје - на Бит Пазар и Гази Баба (исто така позната како Автокоманда). Исто така, интервјуираше луѓе кои биле неодамна приведени од полицијата и во моментот биле во истражен затвор во Скопје и Тетово.

**12.** Како што е наведено во извештајот од посетата во 2006г., новиот Закон за Полиција беше усвоен на 3 ноември 2006 г. што Комитетот мошне го поздравува.[8] Предизвикот сега, како што и Министерката за внатрешни работи истакна за време на нејзината средба со делегацијата, лежи во обезбедувањето на негова целосна примена .

**2.** Злоставување

**13.** Како што беше случајот и во 2006г., голем број лица кои беа интервјуирани од страна на делегацијата во текот на посетата во 2007г., тврдеа дека биле злоставувани од страна на овластени службените лица кои го спроведуваат законот. Злоставувањето се состоело најмногу од клоцања, удари со тупаница и удирање со палка и разни други предмети, често биле задавани пред и за време на распрашувањето: или со цел да се извлече признание, или заради добивање на информации, или, пак, како казна. Одреден број наводи се однесуваа на употребата на прекумерна сила во време на апсењето. Треба да се забележи дека во најголем број случаи тврдењата за злоставување се однесуваа на не-униформираните полициски службеници, посебно на членовите од посебната мобилна полициска единица (општо познати под нивниот назив “Алфи”) и одделението за droги (НТШ) сместено во Полициската станица Гази Баба. Делегацијата, исто така, доби неколку наводи дека, во текот на распитот во рамките на Затворот Идризово, на затвореници им биле удирани шлаканици и биле удирани со тупаници од страна на службеници од одделението за дрога .

**14.** Периодот на наведеното злоставување е неколку седмици пред посетата на делегацијата и сите белези кои можеби биле предизвикани од злоставувањето речиси сигурно би заздравеле во меѓувреме. Исто така, со оглед на тоа што се' уште не постои преглед за утврдување на евентуални повреди при приемот во затвор, штурите здравствени

[8] Види КПТ(2006)73,пар........ 11

картони немаат никаква вредност. Сепак, делегацијата беше во можност да потврди неколку од тврдењата преку поединечни интервјуа со затвореници во посебни ќелии и преку свои сознанија од посетите на одредени полициски станици .

**15.** Информациите добиени во текот на посетата во 2007г. што се однесуваат до злоставувањето, ја истакнуваат важноста за континуирана одлучно дејствување од страна на органите на власт за справување со состојбата. Сите средства треба да се истражат за да се гарантира дека пораката за нулта толеранција на злоставување кон лицата лишени од слобода, ќе стигне до сите службени лица кои го спроведуваат законот на сите нивоа; тие треба да бидат запознаени, преку конкретни мерки, дека владата е решена да го искорени злоставувањето на лицата лишени од слобода. Владеењето на правото подразбира не само усвојување на соодветни законски норми, туку исто така преземање на соодветни чекори за да се гарантира нивната примена. Периодично, потребно е да се издава упатство од Министерот за внатрешни работи или шефот на полицијата со која експлицитно ќе се потсетат полициските службеници дека прекршувањето на законот ќе резултира со кривични и дисциплински санкции . **КПТ препорачува државните органи енергично да ја нагласат погоре наведената порака за нулта толеранција за злоставувањето на лица лишени од слобода и тоа да го поткрепат со изјава на соодветно политичко ниво .**

**16.** Како што беше нагласено во претходните извештаи, од врвна важност е обвинителите и судиите да преземат соодветни мерки при постоење индикации дека имало злоставување од страна на полицијата. Уште еднаш, делегацијата доби наводи дека обвинителите и судиите не реагирале по наводите за злоставување кога тие им биле предочени .

**КПТ препорачува, уште еднаш, дека секогаш кога лица изведени пред обвинител или судија, тврдат дека биле злоставувани од органите на редот, обвинителот/судијата во писмена форма ги документира наводите, веднаш наложува судско-медицинска истрага и ги презема неопходни чекори да се увери дека тврдењата се прописно истражени. Таква постапка треба да следи без оглед на тоа дали лицето има видливи надворешни повреди. Исто така, дури и кога не постојат изрични наводи за злоставување, обвинителот/судијата треба да усвои проактивен приод- на пример, секогаш кога постојат други основи да се верува дека лицето изведено пред него можеби да било жртва на злоставување, треба да се побара судско-медицински преглед . Доколку е потребно, треба да се издадат упатства од страна на соодветни државни органи .**

**3.** Заштитни механизми против злоставување

17. Во претходните извештаи за посетите, КПТ детално ги испита формалните заштитни механизми против злоставување кои им се нудат на лица притворени од страна на службени лица кои го спроведуваат законот, како и нивното функционирање во пракса. Во својот одговор од 15 јуни 2007 г., државните органи изјавија декМинистерството за внатрешни работи веќе презело низа мерки со цел да се воспостават релевантни гаранции за остварување на правата на лица кои се задржувни од полицијата .....меѓу другото ….. правото на одбрана во секоја фаза од полициската постапка; правото на здравствена заштита и медицинска помош; правото семејството или друго лице да се известени за полицискиот притвор на односното лице “ .

За жал, сознанијата од посетата од 2007 г., уште еднаш потцртаа дека во Република Македонија овие права не функционираат во пракса .

18. И покрај јасната законска одредба во законот да се даде пристап на адвокат од самиот почеток на лишувањето од слобода, делегацијата на КПТ слушна тврдења од голем број притворени лица дека пристапот на адвокат се одложува се’ до крајот на прелиминарната истрага, околу 24 или повеќе часа по нивното притворање. Уште повеќе, многу лица наведоа дека немале можност да се консултираат со адвокат, на само, пред да се појават на суд .

КПТ сака да нагласи дека токму во периодот веднаш по лишувањето од слобода, е најголем ризикот од застрашување и злоставување. Последователно, присуството на правен застапник за лицата одведени во полициски притвор за време на тој период е основна заштита против злоставувањето. Постоењето на таа можност ќе има одвраќачко влијание врз оние склони на злоставување на притворените лица; исто така, адвокатот може да преземе соодветна постапка доколку навистина се случи злоставување .

Делегацијата исто така слушна неколку тврдења дека на лицата не им била давана можност да известат близок роднина или друго трето лице за нивното притворање.

**КПТ ги повикува државните органи да преземат итни чекори за да се обезбеди сите лица лишени од слобода од страна на орган на редот, да имаат право да известат близок роднина или трето лице по свој избор за нивната ситуација[9], и да имаат пристап на адвокат, на само, од самиот почеток на лишувањето од слобода.**

**19.** Правото на лица во полициски притвор да имаат пристап до лекар е и натаму проблематично. Во текот на посетата, неколку лица кои

[9] Секоја можност да се задоцни посебно вршењето на ов правотреба да биде јасно предвидено со закон,,,,, предмет на соодветна заштита и временски строго ограничено..

тврдеа дека кон нив било лошо постапувано од страна на службените лица кои го спроведуваат законот, изјавија дека не им била понудена можност да контактираат со лекар. КПТ забележа дека во член 34 од Законот за Полиција, кој ќе стапи на сила на 11 ноември 2007 г., е пропишано дека притвореното лице треба да се извести за неговото “право на медицинска помош “. Се поздравува оваа позитивен новина. Сепак, **КПТ препорачува државните органи да ја надополнат оваа општа законска одредби со конкретни упатства по ова прашање, во согласност со претходните препораки (види КПТ/Инф (2006) 36, пар. 41) .**

4. Материјални услови

**20.** КПТ го забележа одговорот на органите на власт од 15 јуни 2006 г., со кој тие го информираа Комитетот дека новиот Закон за полиција го ограничува бројот на места каде што луѓето можат да се држат во притвор на 38 полициски станици. Исто така, беше доставена општа информација за проектот за изедначување на условите во сите полициски станици со европските норми. Меѓутоа, не беа доставени никакви детали и секако во посетените три полициски станици немаше никаков доказ за било какви измени кои би можеле да се забележат. На пример, се' уште се користи неосветлена ќелија во Полициската станица Тетово. КПТ наведе дека “да се држи лице во темна ќелија, за било колку време, е неприфатливо“ и препорача преземање итни мерки за отстранување на недостатокот во нивниот извештај од посетата во 1998 г., и во трите последователни извештаи за посетата. Континуирана употреба на погоре наведената ќелија претставува јасен пример за несоработка .

**КПТ ги повикува државните органи на власт да преземат неопходни мерки во светлина на погоре наведените забелешки и оние содржани во извештајот од посетата во 2006 г.** (види КПТ(2006) 73,пар.24)

## Б . <u>Затворски установи</u>

### 1. Прелиминарни забелешки

**21.** Мнозинството проблемите и прашањата истакнати од КПТ во неговиот извештај од посетата во 2006 г., а поврзани со затворите, не се третирани. Исто така, се покажа дека одговорот доставен до КПТ во е неверодостоен во неколку случаи; на пример, што се однесува до употребата на средства за контрола (врзување), влезен преглед на новопримените во затворскиот систем и пристапот за активности на отворен простор. <u>Овие се јасни примери за недостаток на соработка.</u>

Разговорите на високо ниво одржани со Министерот за правда и Директорот на Управата за извршување на санкции пружија можност за размена на гледишта во однос на предизвиците со кои се соочува затворскиот систем . Со тоа уште еднаш и беше овозможено на делегацијата на КПТ да ја нагласи важноста која ја дава Комитетот во добивањето на одговор кој сеопфатно и детално би се осврнал на посочените причини за загриженост и препораки.

Исто така, делегацијата го информира Министерот за правда дека од посетите спроведени во затворот Идризово и во истражните одделенија во затворите во Скопје и Тетово, беше очигледно дека не постојат подобрувања од периодичната посета во 2006 г.

**22.** Делегацијата на КПТ беше известена во неколку прилики за плановите да се изградат нови затвори и да се реновираат постоечките, и дека за оваа цел бил наменет буџет од околу 12 милиони евра за периодот од 2007 до 2010г., Меѓутоа, иако КПТ ја потврдува неопходноста од таква програма за градење затвори, сепак тоа нема само по себе да ги одговори на голем број од фундаменталните проблеми посочени од КПТ во нивниот извештај од посетата во 2006 г.

Остануваат голем број фундаментални структурни организациони проблеми, како што е веќе истакнато во параграф 3 погоре, кои ги поткопуваат сите обиди за обезбедување на соодветни услови на притворање и третман на лица лишени од слобода .

Делегацијата беше исто така длабоко загрижена од постојаното несоодветно обезбедување на здравствена заштита во затворите во Идризово и Скопје, мошне ниското ниво на персонал (и соодветното влијание што ова го има врз професионализмот и моралот), недостаток од било каков соодветен режим, и постоење на услови на притвор кои би можеле да се сметаат како нечовечки .

Ако затворите треба да ја исполнат наведената цел за пружање на “безбедност и рехабилитација “, државните органи на власт треба да одговорат, на детален начин, на сите разновидни аспекти поврзани со работењето на модерен затворски систем. Инаку, инвестирањето во затворскиот недвижен имот нема да резултира во подобрување на

третманот на затворениците и во подобри работни услови за персоналот.

**КПТ одново ја повторува својата препорака - по период на исцрпни консултации со сите заинтересирани страни, Министерството за правда да подготви стратешки план за обнова на затворскиот систем што ќе ги опфаќа следните подрачја:**

**- мисија на затворите и вредностите според кои ќе работи затворскиот персонал ;**
**- големина на затворскиот имот и обемот на затворските видови кои ќе ги опфаќа ;**
**- домен на активности кои ќе бидат обезбедени и обем на пристап кон нив што, ќе го имаат затворените и притворените лица, вклучувајќи ги и оние под истрага;**
**- потреба од човечки ресурси за затворите да се водат професионално, со посочени профили на компетентност за клучни места;**
**- финансиски проекции за период од 5 до 10 години, покажувајќи како планираните услуги ќе се исполнат во рамките на расположивите нивоа .**

**23.** Во својот извештај од посетата во 2006 г., КПТ го коментираше новиот Закон за извршување на санкции и побара да добие копии од куќните правила за Затворите Идризово и Скопје. Комитетот исто така побара информација за Државната комисија, која треба да спроведува посети на затворските установи со цел вршење надзор врз примената на законот и доставувањето извештаи за неговите сознанија до Министерството за правда. Во времето на посетата во 2007 г., соодветните Куќни правила се' уште не беа усвоени и државната комисија се' уште не делуваше .

**КПТ би сакал да добие копија од новите Куќни правила за Затворите Идризово и Скопје.** Исто така, **верува дека сите подзаконски акти и тела предвидени со Законот за извршување на санкции ќе бидат усвоени и/или основани без понатамошно доцнење .**

**24.** Што се однесува до *Воспитно–поправната установа*, сместена уште од 2001 г. во отвореното одделение во Затворот Скопје, во март 2007 КПТ беше известен дека е основан Комитет, на чело со Министер, за увид во состојбата и за предлагања на трајно решение што се однесува до неговата локација и функционирање. Меѓутоа, при посетата се увиде дека нема никакви новини во однос на овие прашања. Исто така, Комитетот не доби никаков одговор за истакнатите загрижености во извештајот од 2006 г., како што се оние поврзани со злоставувањето, кадровските прашања, активностите, материјалните услови на притворените, и пружањето услуги на здравствена заштита .

КПТ би сакал да биде известен за предлозите за соодветни алтернативно сместување на Институцијата, и временските рокови за негова имплементација. Исто така, ги повикува државните органи да достават информација за мерките преземени од страна на државните органи за справување со недостатоците во Воспитно-поправната установа наведени во извештајот од посетата во 2006 г. (види КПТ (2006) 73, параграф 111 до 127).

**2.** злоставување

**25.** Уште еднаш, делегацијата слушна значителен број тврдења за злоставување кон затворениците од страна на персоналот во Затворот Идризово и Затворот Скопје (истражно одделение).

Тврдењата, воглавно, се состоеја од тоа дека се удирани со палки, клоцани, како и удирани со тупаници, па дури и удирани со синџири. На пример, во Затворот Идризово делегацијата слушна голем број тврдења дека затворениците и натаму се тепани од персоналот во канцеларијата за персонал на приземјето од затворениот дел од затворот, пред да бидат сместени во ќелија за изолација. Во Затворот во Скопје, имаше неколку наводи во врска со удирањето на затвореници со палки и синџири, што обично се случувало во купатилата.

Овие тврдења ја потврдуваат праксата веќе наведена во извештајот од посетата во 2006 г. Во двата затвори, одредени службени лица беа често споменувани од затворениците како одговорни за предизвикување злоставување, а, најпосле, во затворот Идризово, началникот на обезбедување бил, според оние лица кои тврделе дека постои злоставување, не само запознаен со тепањата, туку и самиот учествувал во нив .

**26.** Органите на власт не само што мора да преземат соодветна истрага за наводите за злоставување, туку исто така и да воведат мерки за да се осигураат дека сите службени лица и директорите во затворот, разбираат зошто злоставувањето е неприфатливо и непрофесионално и дека, уште повеќе, ќе резултира со строги дисциплински санкции и/или кривично гонење.

КПТ препорачува Министерот за правда да испрати јасна порака до целиот затворски персонал дека злоставувањето на затвореници е неприфатливо и ќе биде предмет на строги санкции .

Исто така, КПТ би сакал да добие информација за преземените конкретни мерки за искоренување на злоставувањето на затворениците од страна на персоналот во затворот, вклучувајќи подобрени механизми на раководење и надзор. Исто така, би сакал да биде информиран за истрагата околу наводното учество на началникот на обезбедување во Затворот Идризово во злоставувањето со затворениците .

**27.** Во извештајот од посетата во 2006 г., КПТ се осврна на прашањето за употребата на средства за контрола (врзување, фиксирање) во затвор и наведе неколку случаи во Затворот Скопје, каде што малолетници и други затвореници беа врзани на начин кој може да се смета за мошне нечовечки и понижувачки. КПТ препорача составување на јасни упатства кои ќе обезбедат соодветна психолошка проценка и грижа за лица за кои постои ризик од самоповредување или самоубиство. Исто така, беа изложени и заштитните механизми кои треба да се воведат за оние ретки случаи каде што е потребно да се применат инструменти за механичко фиксирање, за да се спречи вознемирен или насилен затвореник да се повреди себеси или некој друг. Комитетот исто така побара потврда дека синџири нема повеќе да се користат како средство за фиксирање во затвор. [10]

Со писмото од 29 јуни 2006 г., органите на власт наведоа дека тие ја спровеле препораката на КПТ за употребата на средства за фиксирање. За жал, оваа информација не ја одразуваше реалната состојба во Затворот Скопје .

**28.** Комитетот е и натаму многу загрижен во однос на причините за посегнување по фиксирањето, времетраењето, средствата кои се користат, немањето надзор и несоодветно заведување на мерката . Делегацијата сретна најмалку пет лица, вклучувајќи и малолетник, кои биле врзани за нивните кревети со комбинација на метални лисици за глужд и рачен зглоб , како и во два случаја синџири, во седмиците пред посетата на КПТ .

На пример, делегацијата сретна 18 годишен затвореник, кој според разните затворски регистри, бил фиксиран со синџир за неговиот кревет постојано помеѓу 19 септември и 12 октомври 2007 г.[11] Лежејќи на неговиот грб, неговите зглобови биле врзани за креветот а неговите раце врзани заедно пред него, со ланец врзан околу секоја од неговите раце и заклучен со катанци на обете страни од креветот. Заврзан во таква положба, бил оставен на неговиот цимер во ќелијата да се грижи за него: да го храни со лажица во времето на оброците и да му помага да уринира во пластично шише . За време на овој период, тој бил само повремено одврзуван за да оди во тоалет, се чини му било понудена надворешна вежба неколку минути во три прилики и не му била понудена можност за туширање. Тој бил исто така, наводно, удрен со тупаница во лице од страна на затворскиот службеник, додека бил врзан со синир, постапка за која наводно бил сведок друг затвореник и за која како доказ можела да послужи неговата кошула извалкана со крв. На крај, затвореникот за кој станува збор бил одврзан дури откако неговиот цимер од ќелијата напишал писмено барање, во негово име, до

[10] Види КПТ (2006)73,,,,, пар 50 и 51

[11] Никаде во книгите за заведување не беше заведено за причините за врзување..Директор.. на затворот кога запрашан за овој случај рече дека затвореникот бил"Houdini "и морал да биде врзан за да биде спречен да избега повторно од затвор........

директорот на Затворот, со ветување дека 18. годишникот добро ќе се однесува .[12]

Според мислењето на Комитетот, постапувањето како ова опишано погоре, е нечовечко и понижувачко .

**29.** КПТ смета дека секоја од мерките на механичко фиксирање мора да подразбира користење_жа соодветно конструирана опрема за фиксирање, која правилно се применува од страна на соодветно обучен персонал.: мора да биде под надзор и заведена и мора да се спроведува на начин којшто ќе ги сочува достоинството и сигурноста на затвореникот. Механичкото фиксирање не треба никогаш да се применува како казна или заради удобност на персоналот. Исто така, примената на тие инструменти обично не треба да биде во присуство на другите затвореници и секогаш треба да има постојан директен личен надзор од персоналот, а мерката да трае само додека затвореникот да се смири (обично минути, а не со часови, и секако никогаш не со денови).

**КПТ ги повикува државните органи :**

**- да се погрижат синџири повеќе да не се користат како средство за фиксирање во затворите во Република Македонија;**

**- да изготви упатство за употребата на средства за механичко фиксирање, земајќи ги во предвид погоре наведените забелешки .**

**Понатаму, КПТ ја потцртува својата препорака дека државните органи треба да издадат јасно упатство сите затвори да се обезбедуваат соодветна проценка на менталното здравје и грижа за лицата за кои постои ризик од самоповредување или самоубиство. Таквите упатства треба, посебно во случај на малолетници и деца, да содржат одредба за образовни и други активности, бидејќи затворањето во тесна ќелија во текот на денот, не е добро за тие лица. Комитетот би сакал да добие примерок од ова упатство.**

**30.** Како што беше случај за време на посетата во 2006 г., делегацијата на Комитетот дојде до сознание дека застрашувањаста и насилството меѓу затворениците претставуваат распространета појава во Затворот Идризово. Сепак, властите се' уште не преземале никакви мерки за нивното сузбивање.[13]

Исто така, делегацијата утврди, уште еднаш, распространето запоставување од страна на персоналот и раководсттвото во обезбедувањето на пристојни и безбедни животни услови за затворениците. Надзорот врз затворениците изгледа дека е во голема мерка доверен на привилигираните затвореници, и се базира на

---

[12] Пишувањет на писмо до Директорот со кое се бара повеќе да не биде врзан веројатно била стандардна пракса..Делегацијата виде рачно напишана белешка од затвор..службеник во која се наведува дека откако затвореникот ветил добро да се однесува,,,,, бил одврзан..

[13] Види КПТ(2006),пар..52 – до54

кодоши, давани услуги, закани и контрола врз пристапон кон услугите и привилегии. Последица на тоа е ендемското насилство и заплашување, за што беше сведок и делегацијата.

Немањето јасни и разбирливи правила комбинирано со непостоење на никаков делотворен надзор од раководителите продолжува да поттикнува култура на самоволие и занемареност .

**КПТ ги повикува државните органи да преземат неопходни мерки во Затворот Идризово за подобрување на квалитетот на раководниот надзор и донесување на одлуки, и да придонесат затворот да биде безбеден како за затворениците, така и за персоналот, меѓу другото, преку зголемување на бројот на персонал присутен во сместувачките капацитети .**

**31.** Поопшто кажано, заедничка стратегија за справување со насилството помеѓу затворениците, треба да се развие во сите затворски установи од Република Македонија. Камен темелник на оваа стратегија, за таа да биде делотворна, мора да се биде обезбедувањето на доволен број персонал за да може своите овластувања да ги извршуваат на соодветен начин (види поглавје 3 подолу). Персоналот мора будно да внимава на знаци за неволја и да биде како одлучен, така и соодветно обучен да интервенира кога е неопходно; уште повеќе, бројноста на персоналот треба да биде соодветна и ноќе, како и преку ден. Друга клучна компонента во раководењето со меѓу - затвореничките односи е внимателната процена, класификација и избор на ќелија во која ќе бидат сместен секој од затворениците во рамките на затворската популација .

Спречувањето на насилство меѓу затворениците, исто така бара внимателно испитување од страна на затворската администрација на сите релевантни информации во врска со наводите за насилство меѓу затворениците за кои дознале, а онаму каде што е потребно, да се поведат постапки. Непостоењето на соодветна реакција од страна на затворската администрација, може да доведе до создавање на клима во која затворениците склони да ги злоставуваат останатите затвореници, набргу ќе почнат да веруваат – и тоа мошне оправдано - дека тие можат да го прават тоа без да бидат казнети. Исто така, затворските лекари и медицинскиот персонал можат да играат значајна улога во овој контекст, бидејќи тие се често првите луѓе на кои притворениците се обраќаат, откако биле злоставувани или заплашувани од други затвореници.

**КПТ препорачува државните органи на власт да направат детален план за справување со насилството меѓу затворениците во сите затворски установи. Тој план треба да се осврне на специфичните предизвици во рамките на секоја установа, и треба да се однесува на :**

**- соодветни кадровски нивоа во сите единици како дење така и ноќе;**

**- обука на персоналот за спречување и справување со инциденти на насилството меѓу затворениците ;**

**- проценка, класификација и определување на ќелија за затворениците;**

**- откривање и следење на случаи на насилство помеѓу затворениците;**

**- развој на режим кој ќе има смисла .**

3. Кадровски прашања

**32.** Во својот извештај од посетата[14] во 2006 г. КПТ го истакна значењето на секој затвор кој има доволен број на добро обучени затворски службеници распоредени на ефикасен и корисен начин. КПТ препорача кадровските нивоа и распоредувањето на кадарот да се испитаат, со цел да се се увиди дали бројот на вработените затворски службеници е доволен да гарантира безбедност на персоналот и физички и психички интегритет на затворениците. Органите на власт наведоа во нивниот одговор дека ќе биде ангажиран "значителен број на персонал во сите профили, посебно медицински".

Меѓутоа, за време на посетата во 2007 г., делегацијата утврди дека оскудното ниво на кадри, воочено во 2006 г., не се подобрило воопшто, ниту во еден од посетените затвори и, што се однесува до медицинскиот персонал, всушност ситуацијата е влошена. Уште повеќе, распоредувањето на персоналот продолжи да е неефикасно со истиот број на затворски службеници кои се на должност за време на денот - јадења, перење, придружба во болница, посети, активности, итн. - како и ноќе . Понатаму, делегацијата забележа, уште еднаш, акутна недоволна вработеност на персонал во Затворите во Скопје и Идризово, и утврди дека во значителни периоди во денот, голем дел од персоналот се чини дека не работеше ништо .[15]

**КПТ ги повикува државните органи да направат увид на кадровските нивоа и кадровска пополнетост во сите затвори и, последователно, да го извести Комитетот за преземена конкретна постапка.**

---

[14] Види КПТ(2006)73„ пар 55 до59

[15] Во затворот Скопје, во неколку пригоди, членовите на делегацијата мораа да чекаат 20 минути, обидувајќи се да го привлечат вниманието на затворисќите чувари, за да излезат од ќелиите. Ѕвоната (обично две извадени жици) не работеа и немаше службеници присутни во крилата. А сепак, наспроти ова, секогаш имаше по 6 или 7 службеници кои седеа во приемното одделение, . . . , . . . .

16 Делегацијата беше известена дека во затворот биле инсталирани телефонски блокатори. Меѓутоа, во затворениот дел од затворот не само што многу од затворениците поседуваат мобилни телефони, туку и блокаторите не работеа, како што делегацијата откри, , . . . .

**33.** Во Затворот во Идризово, делегацијата слушна наводи од речиси секој затвореник со кого разговараше, за вклученоста на персоналот во трговијата со мобилни телефони[16], droги и друга недозволена стока. Постоењето на широко распространетото верување меѓу затворениците дека се' може да се купи , ги поткопува обидите за создавање ред во рамките на затворот и да се развијат позитивни релации персонал - затвореник. **КПТ препорачува да се изврши истрага околу тврдењата дека персоналот е вклучен во трговија со незаконски добра.**

**34.** Исто така, КПТ во 2006 г изрази надеж., дека државните органи ќе развијат професионална затворска администрација без постојано менување на повисокото раководство, што впрочем го карактеризира затворскиот систем во последните години. Меѓутоа, недостатокот од стабилен професионален виш затворски менаџмент, и натаму е евидентен; на пример одговорните на местото Директор на Управата за извршување на санкции и Директорот на Идризово (најголем и најкомплексен затвор во земјата) се менуваат три пати од посетата на КПТ во мај 2006 г. **КПТ препорачува државните органи да развијат пат за професионална менаџерска кариера во рамките на затворскиот систем, заснован исклучиво врз надлежностите потребни за управување со затворскиот систем.**

## 4. Услови на притвор

**35.** КПТ беше загрижен од сознанието дека, спротивно на одговорот добиен од државните органи, ништо не се сменило во однос на материјалните услови во истражното одделение на Затворот Скопје од посетата од 2006 г.[17] Во привремениот одговор беше наведено, во поглед на Затворот Скопје, дека "едно затворско крило е целосно реновирано и реновиран е одделот со висока безбедност". Во стварноста, присутни се истите недостатоци, на пример распространета влага во ќелиите, стари душеци и многу дотраени и нехигиенски ќелии. Оскуден пристап на природна светлина и несоодветно вештачко осветлување, минимална вентилација и нефункционирање на звоната. Најголем дел од ќелиите продолжија да бидат пренатрупани, така што некои затвореници спијат на душеци на подот. Исто така, санитарните јазли беа во лоша состојба. Затворениците обично минуваат најмалку шест месеци во такви услови, често и повеќе од една година, а некогаш и две години, па и повеќе.

**КПТ ги повикува државните органи да направат заеднички, организирани напори за намалување на бројот на лицата во собите во истражниот оддел во Затворот Скопје. Како минимум, секој затвореник треба да има свој сопствен кревет. Исто така,**

[17] Види КПТ(2006) 73,,,,, пар60 и 61

**санитарните јазли во затворот треба итно да се реновираат. Истовремено, од важност е да се направи програма за постојано тековно реновирање на ќелиите и просториите, вклучувајќи нови душеци и постелнина, а затворениците да имаат соодветни количества хигиенски производи. Исто така, треба да се поправат звоната за повикување.**

Спротивно на тоа, поранешното одделение за прием во затворот е поделено на пет простории за лица кои се во моментот обвинети од Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, чии предмети можат да се префрлат во Република Македонија за судење. Контрастот со мизерните услови во ќелиите во истражното одделение беше забележителен . Овие еднокреветни простории се со квадратура од по приближно 18 м2, беа опремени со телевизор и персонален компјутер, повеќе дрвени шкафови, маса и столче, паркет на подот, и тристрано оѕидан санитарен дел со плочки. Просториите беа празни и очигледно не постоеше знак дека ќе бидат пополнети во блиска иднина.

**36.** Што се однесува до истражното одделение во Затворот Тетово, во моментот се уредуваат четири нови ќелии . Меѓутоа, како што веќе беше нагласено од КПТ во 2006 г., тие ги повторуваат структурните недостатоци на постарите ќелии, посебно што се однесува до големината и немањето пристап на природна светлина. Останатите осум збиени, влажни и дотраени ќелии се' уште се користеа. Земајќи предвид дека затворениците го минуваат речиси цел ден во овие ќелии, битно е условите на притвор да бидат подобрени со реновирање на старите ќелии. **КПТ препорачува да се преземат неопходните чекори во светлина на овие препораки**

**37.** Во Затворот *Идризово*,мизерните услови за живеење во несигурна и нехигиенска средина продолжуваат да преовладувваат во најголем дел од сместувачките крила. Не е направено никакво значително подобрување уште од посетата во 2006 г. [18]Условите во геријатриското одделение, нереновираното крило Б од затворениот дел на затворот, и во најголем дел од просториите од "школата " и полу-отвореното одделение би можеле да се опишат како нечовечки и понижувачки .

На пример, зградите беа, во многу делови, дотраени и трошни, со делови од подовите и зидовите кои недостасуваат, скршени прозорци или воопшто ги нема, распространета влага и заеднички простории валкани и смрдливи . Душеците и затворските ќебиња беа нападнати со инсекти и изветвени, а голем број бубашваби шетаа околу креветите и шкафовите . Многу затвореници имаа осип на нивните тела од касаници од инсекти . Санитарните уреди беа мизерни, а беа исто така користени од затворениците за миење на нивните садови за храна . Исто така, со доаѓање на зимскиот период, многу од одделенијата немаа обезбедено

[18] Види КПТ(2006)73,пар..62 до 67

соодветно греење; секако, ќумбињата на дрво кои се користат во голем дел од одделенијата не беа делотворни .

Јасно е, минималните стандарди зацртани во Законот за извршување на санкции, од јануари 2006 г., не беа исполнети . Се на се, спротивно на информациите доставени во нивниот одговор до КПТ, органите на власт не преземале никакви мерки за подобрување на условите во Затворот Идризово . Ова претставува, според Комитетот, несоработка .

**38.** Во светло на погоре наведеното, КПТ ги повикува државните органи да преземат :

- итни чекори за подобрување на сигурноста во Затворот Идризово, како и хигиенските услови со отстранување на отворените канализациони одводи, поправање на санитарните јазли, обезбедување на детергент и хигиенски производи, обезбедување на програма за превентивна здравствена заштита со која ќе се потенцира чистотата, ќе се заменат ветвите душеци, ќе се обезбеди чиста постелнина , уништување на лебарките и останатите инсекти, заменување на скршените стакла на прозорците и поправање на подовите и крововите, и обезбедување на соодветно греење и вештачка светлина во сите животни средини ;

- итни чекори за планирање на програма по фази (со јасен временски распоред) за намалување на бројот на лица во повеќекреветните спални за да се обезбеди минимум 4 м2 по затвореник .

Комитетот би сакал да добие список на конкретни мерки донесени од државните органи, во врска со погоре наведените забелешки, за секој од сместувачките блокови во Затворот Идризово .

**39.** Што се однесува до режимот, коментарите дадени во извештајот од посетата во 2006 г. продолжуваат да бидат релевантни.[19] Меѓутоа, со оглед на тоа што органите на власт не го опфатија ова прашање во нивниот одговор до денеска, **КПТ верува дека сега ќе добие одговор во однос на забелешките и препораките од извештајот од посетата во 2006 г.**

**40.** Во поглед на приодот за активности на отворен простор, КПТ веќе даде забелешка во параграф 7 погоре за неточната информација која ја доби во врска со Затворите во Скопје и Тетово . КПТ и' укажува на на Владата на Република Македонија за непочитувањето на овој фундаментален заштитен механизам уште од 2002; Комитетот сега очекува итни мерки за да се гарантира негова примена . **КПТ ги повикува државните органи да преземат неопходни чекори, без никакво одлагање, за воспоставување режим со кој ќе овозможи на**

[19] Види КПТ(2006) 73,,,,, пар 69 до 73

**сите затвореници во истражен затвор да им биде понуден најмалку еден час активност на отворен простор секој ден .**

**41.** Што се однесува до храната во Затворот Идризово, Комитетот беше известен, со писмо од 15 јуни 2006 г., дека се преземени мерки за подобрување на квалитетот и количеството на храна која се подготвува и се служи на затворениците. Меѓутоа, една од главните поплаки од страна на затворениците беше храната и, уште еднаш, делегацијата можеше сама да се увери дека храната е лоша. Не беше обезбедено свежо овошје и зеленчук, и само оние затвореници со семејство и пари можеа да добијат додатоци на храната секои две недели. Лекарот и' призна на делегацијата дека немањето време не му дозволува да провери дали менито, потпишано од него и Директорот на Затворот, одговара на тоа што се служи .

Делегацијата беше известена дека кујната треба да се модернизира во најблиска иднина. Сепак, државните органи мора да преземат итни чекори за да се обезбеди сите оброци да одговараат на минималните законски норми и на дневното мени составено од лекарот, а одобрено од Директорот на Затворот Идризово . Исто така, квалитетот и количеството на храна која се пружа на затворениците треба да биде рутински заведена и контролирана врз редовна основа . **КПТ ги повикува државните органи да преземат неопходни мерки во однос на погоре наведените забелешки .**

5. Услуги за здравствена заштита

**42.** За жал, сознанијата на делегацијата за време на нејзината посета во 2007г.илустрираат, премногу јасно, дека услугите за здравствена заштита во Затворите во Идризово и Скопје и понатаму се влошуваат од посетата во 2006 г. Посебно, ниту една од препораките на КПТ во врска со прашањата околу кадарот, медицинско снимање (влезен медицински систематски преглед) по приемот, медицинска доверливост и здравствено-заштитна политика во врска со соматска, психолошка и/или психијатриска грижа не се спроведуваат од страна на државните органи .[20]

На пример, во Затворот Идризово поради недостиг од медицински персонал, затворениците мораат да одат во медицинскиот центар (одржување на здравствени картони, регистри и архива, и давање лекарства). Исто така, поради финансиската ограниченост, заболекарот, очниот лекар и гинекологот престанаа да го посетуват затворот од јануари 2007 г., и многу аспекти од нормалната здравствена заштите не функционираат . Не постои превентивна програма за здравствена заштита за контрола и подобрување на хигиенските услови во затворот . Не е за изненадување што делегацијата доби многу поплаки од

[20] Види КПТ(2006)пар..74-91

затвореници за проблемите околу добивање здравствено заштитна услуга .

Понатаму,состојбата на медицинската просторија е таква што бара целосно реновирање и до-опремување или затворање .

Како резултат на наведените забелешки, **КПТ ги повикува државните органи итно да ја разгледаат општата состојба на здравствено заштитните услуги во затворските установи, започнувајќи со Затворите Идризово и Скопје, така што ќе биде исполнет принципот на " еднаквост на право на заштита." Со подобрување на здравствената заштита во затворите, ќе се наметне, меѓу другото, потребата од вработување на квалификуван медицински персонал .**

**43.** Во текот на посетата во 2006 г., делегацијата на КПТ побара определен број на затвореници да бидат префрлени од Затворот Идризово во психијатриската клиника заради проценка, сместување и лекување, бидејќи затворот не е соодветно место за нивното психичко и физичко здравје. Исто така, персоналот од затворот не беше во состојба да се грижи за нив. Со писмото од 15 јуни 2006 г, КПТ беше известен дека лицата за кои станува збор се пренесени во соодветна психијатриска институција .

Меѓутоа, во текот на посетата на Затворот Идризово во 2007 г. , делегацијата на КПТ увиде дека сите лица за кои бараше да бидат пренесени во психијатриска институција во 2006 г. се повторно вратени во затвор. Едно од овие лица, како што можеше да види и делегацијата, продолжи да има напади, се чини секојдневно, кога крши предмети и превртува кревети на кат во неговата соба, пред да биде совладан од другите затвореници .

Во извештајот од посетата во 2006 г.,, КПТ нагласи дека постојните домашни механизми не работат ефикасно, и препорача да се разгледаат постапките за префрлање на затвореници кои страдаат од психијатриски нарушувања во соодветна институција, за испитување. До денес не е добиен одговор на ова прашање. КПТ **неколку пати ги повтори своите препораки дека државните органи треба да извршат таква контрола .**

**44.** Што се однесува до медицинското снимање, во својот одговор од 15 јуни 2007 г., државните органи го известија КПТ дека постои систем за целосно медицинско снимање за секој нов затвореник примен во затворот, вклучувајќи и регистрирање на наводите за злоставување во согласност со препораките од Комитетот . Исто така, во одговорот беше наведено дека во случај на повреди кои ќе се забележат, се известува Јавното обвинителство . Се чинеше дека тоа е позитивен чекор напред .

Меѓутоа, во стварноста таков процес на снимање никогаш не бил воспоставен и секако не постоеше во времето на посетата на делегацијата . Всушност, воопшто не постоело снимање (преглед) на повредите, и евентуалниот лекарски прегледна новопримените е само формален и површен, состоејќи се само од разговор, а без физички преглед . Таквото снимање е нужно, посебно во интерес на спречување на ширење на заразни болести, спречување на самоубиство и навремено регистрирање на евентуални повреди. Пропустот на органите на власт да одговорат на ова прашање соодветно, претставува друг пример за недостиг на соработка .

**КПТ ги повикува државните органи да гарантираат дека секој новопримен затвореник е соодветно интервјуиран и физички испитан од страна на доктор по медицина, што е можно поскоро по неговиот прием . Освен во исклучителни околности , разговорот треба да се изврши на денот на приемот, посебно што се однесува до истражната установа . Ваквите влезни лекарски (систематски) прегледи може, исто така, да ги врши и квалификувана сестра која е одговорна пред лекарот. Законот треба јасно да ја изрази оваа потреба .**

**Понатаму, КПТ ги повикува државните органи да воведат јасна процедура за да се обезбеди сите тврдења и друг доказ за лошо постапување од страна на полицијата врз лица кои се потоа примени во истражен затвор, да бидат регистрирани (заведени) и да бидат пренесени на Јавното обвинителство** (види КПТ (2006) 73, пар. 46) .

**45.** Што се однесува пак до <u>медицинската доверливост,</u> КПТ веќе го постави прашањето за систематско присуство на затворски службеници за време на лекарските прегледи во затвор [21]. Во нивниот одговор по извештајот на Комитетот од посетата од 2004 г., државните органи наведоа дека оваа препорака ќе се спроведе. Меѓутоа, сознанијата од посетата од 2007 г., откриваат дека се' уште нема прогрес во овој поглед.

Исто така, доверливоста на медицинските податоци се' уште не се почитува. Во Затворот Идризово, затворениците не само што имаа пристап до здравствените картони, туку и им е доверено нивното одржување. Таа задача е одговорност на лекар. Кога не биле потребни за консултација, здравствените картони би требало да се заклучат на места на кои ниту затворскиот персонал, ниту затвореникот би имал пристап.

**КПТ ги повикува државните органи на власт да преземат чекори за обезбедат дека медицинската доверливост целосно се**

[21] Види КПТ/Инф(2006),пар..58

**гарантира во сите затворски установи. Ова подразбира дека сите лекарски прегледи на затворениците треба да се спроведуваат така што никој нема да слуша и - освен ако лекарот не побара поинаку во некој посебен случај - надвор од погледот на затворски службеници .**

**Понатаму, КПТ неколку пати ја повторува препораката дека треба да се преземат дополнителни чекори за да се увери дека доверливоста на медицинските податоци се почитува .**

**46.** Имајќи го во предвид се поприсутниот проблем на <u>droги во затворите,</u> кој беше очигледен за време на посетата на делегацијата во 2007 г., КПТ е загрижен дека неговите забелешки и препораки за ова прашање , како што е наведено во параграф 91 од извештајот од посетата во 2006 г., не се земени во предвид од Владата на Република Македонија.

Важно е државните органи да ја признаат широката распространетост на недозволиви дроги во Затворот Идризово, што сигурно има многу негативни реперкусии врз сите аспекти од затворскиот живот. **КПТ препорачува итно треба да се преземат чекори за спречување на трговијата со дроги, преку безбедносни проверки на персоналот и посетителите кои влегуваат во затворот.** Меѓутоа, Комитетот би сакал да нагласи дека **би било мошне непожелно евентуалните нови мерки усвоени во врска со трговијата со дроги неоправдано да ги ограничат контактите на затворениците со надворешниот свет или да ги ограничат режимските активности или можностите од дружење кои им се нудат.**

**Понатаму, КПТ ги повикува државните органи да изготват детална стратегија за пружање помош на сите затвореници кои имаат проблеми поврзани со дрога, како еден аспект од националната стратегија за дрога.**

**47.** Исто така, во извештајот од посетата во 2006 г., КПТ изрази загриженост дека метадонска терапија им била давана на сите зависници од дрога без да се прави разлика за видовите недозволени дроги кои тие ги земале и дека не постоела психо-социјална помош при постапката . Ситуацијата не се подобрила . Дури, очигледно е дека не постои стратегија или јасна цел за програма за замена на метадонот . Со оглед на тоа што програмата за лекување не пружа медицинска , општествена или психолошка помош и се одвива во средина каде што недозволените дроги се во изобилство[22], ниту долготрајна апстиненција нити намалување на употребата на недозволиви дроги би можеле да се сметаат како реалистични цели . Без иницијативи или санкции на самото место, која е намената на програмата? **КПТ би ги ценел коментарите**

[22] Од 101 изврш.. Тест........ за дроги на затвореници кои земаат метадон пет месеци пред посетата на делегацијата,49 пока`аа дека затворен.. Земале метадон со други дроги..

**од државните органи по ова прашање, земајќи ги во предвид погоре наведените забелешки .**

**6. Други прашања поврзани со мандатот на КПТ**

**48.** Што се однесува до контактите со надворешниот свет, прашањата поставени од страна на КПТ во неговиот извештај за посетата од 2006 г.[23], не добија одговор . **Веруваме дека одговорот набрзо ќе следи .**

КПТ би сакал да ја истакне својата загриженост, уште еднаш, во врска со примената на системот на заминување (отсуство) дома во Затворот Идризово. При непостоење на други аспекти од " рехабилитација и преместување", заминувањето дома продолжи да биде главно средиште на аспирациите на затворениците. Сепак, неговата примена е се' уште жестоко и скоро едногласно критикувана од затворениците со кои се сретна делегацијата. Затворениците се жалеа дека доделувањето на отсуство дома се решавало на произволен и коруптивен начин, и беа повторени тврдењата за плаќање за отсуство дома за што стана збор во извештајот од посетата во 2006 г.

Важно е отсуството дома да се спроведува на транспарентен и фер начин , во согласност со законските одредби . **КПТ повторно ја повторува својата препорака дека одредбите кои се однесуваат за отсуството дома треба да бидат прецизно објаснети на сите затвореници и да бидат наброени, детално, во куќниот ред. Исто така, треба да се спроведе целосна истрага во тврдењата за корупција во врска со отсуството дома .**

**49.** Делегацијата смета дека состојбата во Затворот Идризово што се однесува до дисциплината не е подобрена и дека не е одговорено [24] на ниту една од препораките наведени во извештајот од посетата во 2006 г. На пример, на лицата кои биле во самици се' уште не им бил дозволен минимум еден час надворешни вежби секој ден .

Понатаму, што се однесува до дисциплинските постапки, продложено е затворениците да бидат сместувани во самици по овластување на командантот на смена без било каква претходна постапка. Уште повеќе, критериумот за сместување на затвореници во одвоено крило не е јасен, и изгледа дека, во одредени случаи, тоа било користено како алтернативна дисциплинска санкција .

**КПТ ги повикува државните органи да гарантираат дека на сите затвореници кои се во изолација да им се понуди најмалку**

[23] Види КПТ(2006)73,,,,, пар..92-97
[24] Види КПТ(2006)73,пар..98-101

**еден час надворешна вежба секој ден . Исто така, Комитетот одново ја повторува својата препорака државните органи да гарантираат фер сослушување, во согласност со законот, за сите лица обвинети со дисциплински казни , и дека постапките ќе бидат објаснети на јасен јазик во куќниот ред** .

**50.** Како што беше случај во 2006 г., затворениците во Затворот Идризово искажаа целосен недостаток на доверба во процедурите за поплаки . Делегацијата слушна голем број критики за немањето пристап до Директорот, и дека на поплаките кои ги упатувале до него никогаш не добиле одговор; понатаму, затворениците тврделе дека персоналот спречувал да се доставаат жалби и им се заканувал со одмазда, ако се жалат. Во овој поглед, голем број затвореници изјавија дека затворскиот персонал ги предупредил да не се жалат до делегацијата на КПТ, на ист начин како што наводно биле предупредени пред посетата на делегацијата од државните парламентарци на почетокот од годината .

Делегацијата беше известена дека Омбудсманот иницирал кампања за известување на затворениците за нивните права и поставил запечатени кутии во секој затвор за да затворениците поднесуваат поплаки во доверба . Ова е потенцијално позитивен развој . Меѓутоа, никој од затворениците или персоналот во Затворот Идризово , со кого разговараше делегацијата, не беше запознаен дека постои таква кутија . Исто така, ниту затворениците или персоналот во Затворите Скопје и Тетово знаеле за таква кутија .

**КПТ препорачува да се направат зголемени напори за да се овозможи затворениците да бидат целосно свесни за нивните права и за да можат да ги користат (вклучувајќи го и правото да поднесат жалби) на начин кој нуди соодветна гаранција за доверливост, независност, непристрасност и темелност .**

**51.** Во минатото, КПТ го критикуваше начинот на кој затворските надзорни органи ги извршувале нивните статутарни обврски . Тој изрази надеж дека со усвојувањето на новиот закон за спроведување на санкции , во јануари 2006 г., ќе се утврди поригорозен и понезависен систем на контрола . За жал, упатствата зацртани од страна на Комитетот, во врска со регуларните затворски контроли од страна на независен орган, не се почитувани . Понатаму, во врска со истражното одделение во Затворот Скопје, очигледно дека судиите продолжиле да вршат само формални посети секој петок, во тесна придружба на Директорот и другиот затворски персонал. На пример, во врска со затвореникот кој бил врзан за неговиот кревет три недели, скоро непрекинато (види параграф 28 погоре), судијата посетител очигледно само влегол во ќелијата и ништо не искоментирал.

**КПТ одново ја повторува својата препорака дека државните органи на власт треба да преземат неопходни чекори за**

**да се уверат дека разновидните механизми за надзор делуваат професионално, транспарентно и на независен начин, водејќи сметка за нормите зацртани во претходните извештаи** (види КПТ (2006) 73, пар. 104) .

**52.** Во својот извештај од посетата од 2006 г., КПТ препорача државните органи да состават опсежна регулатива која ќе предвиди за кои цели може да се овласти користење на видео надзор во ќелијата, постапката која треба да се следи и кои критериуми треба да се користат . Не е преземена никаква постапка за одговор на загриженоста од страна на Комитетот и покрај фактот што две ќелии во истражното одделение во Затворот Скопје продолжуваат да се под видео надзор, овозможувајќи му на затворскиот персонал во дежурната станица да го следат движењето на лицата затворени во овие ќелии . Исто така, делегацијата забележа дека сите самици од Затворот Идризово беа под видео надзор. **КПТ препорачува преземање на неопходни чекори во однос на забелешките направени во извештајот од посетата во 2006 г. (види КПТ** (2006) 73, пар. 109) .

**53.** Во контекст на стратешкиот план за затвореници наведен во параграф 22 погоре, **КПТ смета дека вложувањето на ионака недоволните ресурси во инсталирање на опрема за телевизиски надзор не треба да биде на сметка на решавањето на основните проблеми погоре наведени** (види параграф 35 до 41) .

## Ц. Заклучни забелешки

**54.** КПТ веќе ја изрази својата благодарност за консултациите кои ги имаше нејзината делегации во текот на посетата со Министри и функционери од повисок ранг од соодветните Министерства. Меѓутоа, иако релевантните државни органи ветија дека ќе ја подобрат соработката со КПТ, Комитетот беше загрижен поради недостатокот од конкретна постапка за подобрување на состојбата на луѓе лишени од слобода, земајќи ги во предвид препораките наведени во извештаите од претходните посети .

**55.** Извештаите на КПТ постојано истакнуваа дека лицата лишени од слобода од страна на службени лица кои го спроведуваат законот во Република Македонија се соочиле со вистински ризик од лош третман. Наодите од посетата од 2007 г. го потврдуваат тој ризик . Затоа, направени се напори во последните години од државните органи да се намали злоставувањето, посебно преку зголемена обука на полициските службеници за прашањата на човекови права. Меѓутоа, Комитетот смета дека Службата за Внатрешна контрола при Министерството за внатрешни работи треба допрва да докаже дека е способна за ефикасно испитување на тврдењата за злоставување од страна на службените лица кои го спроведуваат законот. КПТ е охрабрена од дијалогот што го водеше со Министерката за внатрешни работи и нејзините колеги, но ургира дополнителни напори да се направат за да се спречи злоставувањето од страна на службените лица кои го спроведуваат законот и да се борат против неказнивоста .

**56.** Спротивно на тоа, КПТ смета дека во поглед на Министерството за правда и затворската администрација, постои неуспех во соработката со Одборот .Очигледно, и покрај повторените препораки за преземање на итни чекори за подобрување на недостатоците утврдени од Одборот, државните органи не им го пружија на затворските установи сериозното внимание кое го заслужуваат . Не само што се затворите со недоволно ресурси, со недоволен персонал и со потреба за инвестирање, постои отсуство од професионално раководење, за што дополнително придонесува политизираното именување на директори на затвори, и недостаток од независен надзор.

Во извештајот од посетата од 2006 г., КПТ утврдила голем број прашања за кои се барала итна дополнителна постапка . На пример, беа изнесени јасни препораки за да се одговори за злоупотребата на средствата за фиксирање (врзување) . И покрај тоа што добивме одговор дека била преземена постапка за решавање на ова прашање, наодите на делегацијата во 2007 г. покажуваат дека затворениците продолжуваат да се врзуваат, вклучувајќи и синџири, во суштина како казна и без да е воведен систем за регистрирање на тоа или надзор. Друг пример се однесува на условите на притвор во неколку сместувачки одделенија во

Затворот Идризово, за кои КПТ наведе дека можат да бидат опишани како нечовечки и понижувачки . Се бараа итни чекори за справување со овие големи пропусти; сепак, по шеснаесет месеци, делегацијата на КПТ дојде до сознание дека нема никакви подобрувања . Што се однесува до тврдењата за лошо постапување од страна на персоналот во Затворот Идризово и Затворот Скопје содржан во извештајот од посетата во 2006 г., никаква последователна постапка не била преземена од државните органи . Слични премири на тврдења за злоставување беа повторно наведувани во текот на 2007 г. КПТ верува дека овој пат државните органи ригорозно ќе ги испитаат тврдењата. Организирањето на здравствено заштитни услуги во затворите исто така останува несигурно, поставувајќи сериозни грижи како за прифаќањето за заштита, така и пруженото лекување за лица лишени од слобода; тоа исто така има неповолни последици во спречувањето на злоставување .

**57.** КПТ потврдува дека државните органи иницирале програма за изградба на нови затвори и реновирање на постоечките, што е активност која бара време и интензивно вложување на финансиски средства . Меѓутоа, КПТ смета дека е неопходно да повтори дека државните органи имаат постојана задача за грижа за сите луѓе во затворот, и дека постојат голем број мерки кои би можеле и би требале да се преземат за подобрување во постапувањето и условите на притворање на затвореници, и покрај реновирањето на затворскиот имот и дури и поважни од него .

Затворите претставуваат интегрален дел од системот за правда. Доколку не се алоцираат потребните ресурси во однос на нивната реформа и правилно функционирање, тогаш вложувањето во полицијата и во судскиот систем за сузбивање на злосторствата и гарантирање на одредбата во законот и заштита на човековите права ќе бидат поткопани .Во моментот, во затвор каков што е Идризово, организирани криминални групи можат да ги продолжат нивните надворешни активности во установата со очигледна неказнивост, сосема веројатно со помош на одредени членови од персоналот. Поправањето на ваквата состојба, бара постапка на сите фронтови, започнувајќи со стратешки план за санација на затворскиот систем и, паралелно, итни чекори за отстранување на јасно видливите пропусти истакнати во овој извештај .

**58.** Мандатот на КПТ е да ја зајакне заштитата на лица лишени од нивната слобода. Посетите на Комитетот и последователните извештаи од посетите претставуваат средства за започнување на дијалог со Државата – потписничка по прашања кои според Комитетот се од примарна важност во спречувањето на секоја форма на тортура и нечовечка или понижувачка постапка или казна. Последователно, важно е за државните органи да гарантираат дека одговорите доставени во поглед на извештај од посета, се осврнуваат на поставените прашањата поставени на конкретен и разбирлив начин. Само по себе се подразбира дека информациите доставени во одговорите треба да бидат исто така

точни и веродостојни. Понатаму, Конвенцијата бара преземање на одлучна акција за подобрување на состојбата во врска со препораките на Комитетот. За жал, ниту одговорите добиени, ниту преземената акција од Владата на Република Македонија до ден денес може да се сметаат за прифатливи.

КПТ верува дека ќе бидат преземени енергични чекори од страна на Владата на Република Македонија за спроведување на препораките дадени од Комитетот.

# ДОДАТОК

СПИСОК НА ПРЕПОРАКИ НА КПТ, КОМЕНТАРИ И БАРАЊА ИНФОРМАЦИИ

Соработка

препораки

- содржината на извештајот составен по посетата на КПТ да се достави на внимание на сите релевантни државни органи и персонал, во соодветна форма. Исто така, преводите на извештаите на КПТ на релевантните јазици треба да бидат ставени на располагање пошироко, и би било пожелно да се користат во обуката за работењето на раководтсвото од повисок ранг со лица лишени од слобода (параграф 8).

барања информации

- во врска со истрагата за смрта на Имран Ибраимовски(параграф 7);

- за тоа дали е извршена форензичарска аутопсија во поглед на секоја од смрта на седумтемина што се случи во Специјалната установа за лица со ментална попреченост во Демир Капија, во јануари и февруари 2007г. (параграф 7);

- одговор за загриженоста наведена во параграф 37 од извештајот од посетата во 2006 г. во врска со судско-медицинските обдукции (параграф 7).

Органи за спроведување на законот

злоставување

препораки

- државните органи енергично повеќе пати да ја повторат пораката за нулта толеранција за злоставување спрема затвореници и тоа да се зајакне со изјава на соодветно политичко ниво (параграф 15) ;

- секогаш кога лица донесени пред обвинител или судија тврдат дека со нив лошо се постапувало од страна на службените лица кои го спроведуваат законот, јавниот обвинител/судија треба во писмена форма да ги заведе тие тврдења, за да се направи веднаш судско-медицинско испитување и да се преземат неопходни чекори за да се увиди дали тврдењата се соодветно испитани. Таа постапка треба да се

почитува без оглед дали или не, лицето за кое станува збор, носи видливи надворешни повреди. Исто така, дури и при немање на посебно тврдење за злоставување, обвинителот /судијата би требало да усвојат проактивен приод; на пример, секогаш кога постојат други основи да се верува дека лице доведено пред него/нејзе би можел да биде жртва на злоставување, треба да се побара судско-медицинско испитување .Ако е потребно, треба да се издадат основни напатства од соодветни државни органи на власт (параграф 16) .

Заштита од лошо постапување

препораки

- преземање на итни чекори за да се гарантира дека сите лица лишени од слобода од службени лица кои го спроведуваат законот имаат делотворно право да известат близок роднина или трето лице по нивен избор за нивната состојба, и да имаат пристап на адвокат, насамо, веднаш од почетокот на нивното лишување од слобода (параграф 18) ;

- државните органи на власт да ја надополнат општата законска одредба во врска со “правото на медицинска помош” со посебни упатства, во согласност со претходните препораки на КПТ (види КПТ /Инф. (2006) 36, пар.41)(пар. 19) .

Материјални услови

препораки

- преземање на неопходни мерки за отстранување на недостатоците во однос на материјалните услови во полициските станици, земајќи ги во предвид забелешките наведени во параграф 20 и оние кои се содржат во извештајот од посетата во 2006 г. (види КПТ (2006) 73, пар.24)(пар.20).

Затворски установи

Прелиминарни забелешки

- препораки

по период на темелни консултации со сите заинтересирани страни, Министерството за правда треба да направи стратешки план за закрепнување на затворскиот систем, кој ќе ги опфати следните подрачја:

* мисијата на затворите и вредностите според кои ќе работи затворскиот персонал ;

* обем на затворскиот недвижен имот и опфат на видовите на затвор кој тој ќе ги опфати;

* опфат на активности кои ќе се обезбедат и колку пристап ќе имаат лицата притворени, вклучувајќи ги и оние кои се во истражен затвор, кон нив ;

* барање за човечки ресурси кои се потребни за професионално водење на затворот , одредувајќи за клучни позиции компетентни профили;

* финансиски проекции за период од 5 до 10 години, прикажувајќи како ќе се исполни планираната одредба во рамките на расположливите нивоа на финансиски средства (параграф 22);

* доставување на информации за преземената постапка од страна на државните органи за да ги објаснат пропустите во Воспитно-Поправните домови утврдени во извештајот од посетата во 2006 г . (види КПТ (2006) 73, параграф 111 до 127) (параграф 24) .

коментари

- КПТ верува дека сите подзаконски акти и тела предвидени со Законот за извршување на санкции ќе бидат усвоени и/или утврдени без понатамошно доцнење (параграф 23) .

барања информации

- копија од новиот куќен ред за Затворите Идризово и Скопје
(параграф 23) ;

- предлози за соодветни алтернативни простории за Казнено-поправните установи, и временските рокови за нивно спроведување (параграф 24).

злоставување

препораки

- Министерот за правда да испрати јасна порака до целиот затворски персонал дека злоставувањето на затворениците е неприфатливо и ќе биде предмет на строги санкции (параграф 26);

- сите државни органи на власт да гарантираат дека повеќе нема да се користат синџири како средство за фиксирање во затворите во Република Македонија (параграф 29) ;

- да се состави упатство за употребата на средства за механичко фиксирање, земајќи ги во предвид препораките наведени во параграф 29 (параграф 29) ;

- да се издадат јасни упатства за сите затвореници со што ќе се обезбеди процена на психичкото здравје и грижа за лицата за кои постои ризик за самоповредување или самоубиство . Таквите напатствија треба, посебно во случај на малолетни лица и деца, да содржат одредба за образовни и други активности, со оглед на тоа што заклучување во тесна ќелија за време на денот не придонесува за добросостојбата на тие лица (параграф 29);

- преземање на неопходни чекори во затворот Идризово за подобрување на квалитетот на раководниот надзор и донесувањето на одлуки,, за да биде затворот безбеден како за затворениците, така и за и персоналот, со зголемување на бројот на персоналот присутен во сместувачките одделенија (параграф 30) ;

- да се направи опсежен план за спречување на насилството помеѓу затворениците во сите затворски установи. Тој план треба да ги опфати посебните предизвици во рамките на секоја установа, и треба да обрне внимание на :

* соодветните кадровски нивоа во сите одделенија како дење, така и ноќе;

* обука на персоналот за спречување и справување со инциденти поради насилство помеѓу затворениците ;

* проценка, класификација и сместување на затворениците во ќелија ;

* откривање и следење на случаи на насислство помеѓу затворениците ;

* развој на режимот на управување (параграф 31).

<u>барања информации</u>

- за конкретни мерки кои се преземаат за искоренување на злоставувањето кон затворениците од страна на затворскиот кадар, преку подобрување на раководењето и механизмите на надзор (параграф 26);

-за истрагата околу учеството на началникот на одделението за обезбедување во Затворот Идризово во злоставувањето на затворениците (параграф 26) ;

- копија од упатствата во врска со проценката на менталното здравје и грижа за лицата за кои постои ризик од самоповредување и самоубиство во затворот (параграф 29) .

кадровски прашања

<u>препораки</u>

- да се направи преглед на кадровските нивоа и кадровската распореденост во сите затвори и последователно, Комитетот да биде информиран за конкретната постапка која е преземена (параграф 32);

- да се спроведе истрага за тврдењата за вклученост на персоналот во трговијата со нелегална стока во затворот Идризово (параграф 33);

- во самиот затворски систем да се развие пат за професионална раководна кариера, заснована исклучиво врз компетентност (стручност) потребна за раководење на затворски систем кој е во развој (параграф 34)

Услови на притворање

<u>препораки</u>

- треба да се преземат енергични напори за да се намали пополнетоста на просторот (број на затвореници во просторија/по квадратен метар) во истражното одделение во Затворот Скопје . Како минимум, потребно е секој затвореник да има свој сопствен кревет . Исто така, санитарните јазли во Затворот потребно е итно да се реновираат . Истовремено, битно е да се направи програма за реновирање на ќелиите и просториите, вклучувајќи нови душеци и постелнина, како и затворениците да имаат соодветни количества на хигиенски производи. Понатаму, потребно е да се поправат ѕвоната за повик (параграф 35);

- да се преземат неопходни чекори за подобрување на условите на притвор во истражното одделение во Затворот Тетово, земајќи ги во предвид забелешките од параграф 36 (параграф 36) ;

- државните органи на власт да преземат :

* итни чекори за во Затворот Идризово да се обезбеди сигурност и хигиена, преку отстранување на одводните канали, поправање на санитарните уреди, обезбедување доволно детергент и хигиенски производи, обезбедување на програма за превентивна здравствена заштита со која ќе дојде до израз чистотата, заменување на изветвените душеци, опремување со чиста постелнина, истребување на бубашваби и други штеточинки, заменувајќи ги скршените стакла на прозорите и поправајње на подовите и покривите, и обезбедување на соодветно затоплување и вештачка светлина во сите одделенија каде што се живее;

* итни чекори за да се зацрта програма по фази (со јасни временски рокови) за намалување на пополнетоста на просторот за живеење во спалните каде што се сместени повеќе лица, за да се обезбеди минимум 4м2 по затвореник (параграф 38) ;

* преземање на неопходни чекори, неодложно, за да се воспостави режим со кој ќе се овозможи на сите истражни затвореници да им се понуди, минимално, еден час активности на отворено, секој ден (параграф 40);

* преземање на неопходни мерки за да се подобри квалитетот и квантитетот на храна која им се нуди на затворениците во Затворот Идризово (параграф 41) .

коментари

- КПТ верува дека овој пат ќе добие одговор во врска со режимот во Затворите Идризово и Скопје, со земање предвид на забелешките и препораките во извештајот од својата посета во 2006 г. (види КПТ (2006) 73, пар.69 до 73 (параграф 39) .

барања информации

- список на преземени конкретни мерки од страна на државните органи, во врска со препораките кои се наведени во параграф 38, за секој од блоковите за сместување во затворот Идризово (параграф 38).
-

Здравствено-заштитни услуги

препорака

- државните органи на власт итно да ја согледаат општата состојба со здравствено -заштитни услуги во затворските установи, започнувајќи со

затворите Идризово и Скопје, со цел да се исполни принципот “подеднаква грижа”. Подобрувањето на здравствената заштита во затворот, неопходно ќе наметне потреба од дополнителен квалификуван медицински персонал (параграф 42) ;

- државните органи на власт треба да ги прегледаат постапките за пренесување на затвореници кои страдаат од психијатриски нарушувања во соодветна институција за испитување (параграф 43);

- државните органи на власт да обезбедат секој новопристигнат затвореник да се интервјуира соодветно и да се прегледа физички од страна на лекар веднаш по неговиот прием. Освен во исклучителни случаи, тоа интервју треба да се изврши на денот на прием, посебно кога се работи за истражните установи. Такво медицинско испитување по приемот би можело исто така да се изврши од квалификувана сестра која ќе даде извештај на лекарот. Законот треба јасно да го отслика ова барање (параграф 44);

- државните органи треба да воспостават јасна процедура која ќе гарантира дека сите наводи и останати докази за злоставување од страна на полицијата врз лица, последователно притворени во затвор, се соодветно заведени и соопштени на Јавното правобранителство (види КПТ (2006)73, параграф 46 (параграф 44);

- да се преземат чекори за да се гарантира дека медицинската доверливост е целосно загарантирана во сите затворски установи. Ова подразбира дека сите медицински прегледи на затвореници треба да се спроведат без некој тоа да го слуша и освен ако лекарот не побара поинаку во некој посебен случај - без тоа да го набљудуваат затворските службеници (параграф 45) ;

- да се преземат дополнителни чекори за да се обезбеди почитување на доверливоста на медицинските податоци (параграф 45) ;

- да се преземат итни чекори за спречување на трговијата со droги, вклучувајќи безбедносни проверки на персоналот и посетителите кои влегуваат во Затворот Идризово (параграф 46) ;

- да се изготви детална стратегија за пружање помош на сите затвореници кои имаат проблеми со дрога, како еден аспект од државната стратегија за дрога (параграф 46).

<u>коментари</u>

- би било крајно непожелно доколку евентуалните нови мерки усвоени во врска со трговијата со дрога ги ограничат контактите на затворениците со надворешниот свет или ги ограничат режимските активности или можностите за дружење кои им се нудат (параграф 46) .

барање информации

- за целта на програмата на метадонска супституциона терапија во Затворот Идризово земајќи ги во предвид забелешките наведени во параграф 47 (параграф 47).

**Други прашања поврзани со мандатот на КПТ**

препораки

- одредбите со кои се регулира отсуството дома да им бидат јасно објаснети на сите затвореници во Затворот Идризово и наброени, детално, во Куќниот ред (параграф 48);

- да се спроведе целосна истрага за тврдењата за корупција во Затворот Идризово во врска со давањето отсуство дома (параграф 48);

- државните органи да гарантираат дека на сите затвореници кои се во изолација им се овозможува најмалку еден час активности на отворено секој ден (параграф 49);

- државните органи на власт да гарантираат дека фер сослушување, во согласност со Законот, се обезбедува за сите лица кои се казнети со дисциплински прекршоци, а постапката да биде образложена на јасен јазик во Куќниот ред (параграф 49);

- да бидат преземени зголемени напори за да се обезбеди затворениците да бидат целосно запознаени со нивните права и да можат да ги остваруваат (вклучувајќи го правото да поднесат жалби) на начин кој нуди соодветни гаранции за доверливост, независност, непристрасност и темелност (параграф 50) ;

- преземање на неопходни чекори за да се гарантира дека разновидните надзорни механизми делуваат на професионален, транспарентен и независен начин, водејќи целосно сметка за нормите истакнати во претходните извештаи (види КПТ(2006) 73, параграф 104, параграф 51);

- да се преземат потребни чекори за пропишување на детална одредба за видео надзор во ќелијата, земајќи ги во предвид забелешките наведени во извештајот од посетата во 2006 г. (види КПТ (2006) 73, параграф 109; параграф 52).

коментари

- КПТ верува дека ќе следи одговор на прашањата во врска со контактите со надворешниот свет поставени во извештајот од посетата во 2006 г. (КПТ (2006) пар. 92 до 97) (параграф 48) ;

- вложување на и онака недоволните финансиски средства во инсталирање на опрема за телевизиски надзор, не треба да биде на сметка на решавање на основните проблеми во врска со материјалните услови истакнати во параграф 35 до 41 (параграф 53).